## *Работилница „Односот помеѓу полицијата и јавното обвинителство според измените во новиот Закон за кривична постапка“*

Оваа работилница ја организира и спроведе **Коалицијата „Сите за правично судење“** во соработка со **Академијата за судии и јавни обвинители**, во рамките на *Проектот за набљудување на судски предмети од областа на корупцијата (Corruption Trial Monitoring Programme),* поддржан од **Делегацијата на ЕУ и Амбасадата на Кралството Холандија.**

На *06 и 07 декември 2011* година во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители се одржа **Третата работилница** со релевантните претставници на правосудните државни органи кои работат во областа на корупцијата и организираниот криминал на тема „*Односот помеѓу полицијата и јавното обвинителство според измените во новиот Закон за кривична постапка*“ *(Споредбени искуства со Република Хрватска).*

Присутни беа претставници на сите релевантни правосудни органи во земјата, судии од кривичните одделенија на македонскиот правосуден систем, адвокати, обвинители од основните и вишите јавни обвинителства, обвинители од јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, претставници од Министерството за внатрешни работи (ЦСОСК), од Управата за јавни приходи и Царинската управа.

Како надворешен експерт учествуваше Г – дин **Драган Новосел** – *прв заменик на јавниот обвинител на Република Хрватска*, додека домашни предавачи беа г – дин **Марко Зврлевски** - *јавен обвинител на Основно јавно обвинителство Скопје, претседател на Здружението на јавни обвинители на Република Македонија* и г – дин **Митко Чавков** - *Началник за сузбивање на организиран и сериозен криминал ЦСОСК на Министерство за внатрешни работи на Република Македонија*.

Обвинителот Новосел презентираше две научни студии *„Заедничко работење на полицијата и обвинителството’’* и *„Работа на истражувачите во истрагата’’*, а се осврна и на постапувањето по спогодување согласно Законот за кривична постапка на Република Хрватска (Пр. во Македонија постои прекин на постапката, но не и во Хрватска). Најчесто таму случаите се решавале со „казнен налог” – обвинителен предлог без претрес и тоа за дела до 4 години затвор.

Пред присутните го презентираше протоколот за заедничка работа меѓу полицијата и јавното обвинителство во текот на претходната и казнената постапка и при тоа правеше компаративна анализа со решенијата на македонскиот ЗКП, истовремено укажувајќи на предностите и слабостите на домашните решенија. Во кои случаи се известуваат двете институции, како се постапува кај полесните, како кај потешките и особено сложените и значајни предмети и можни конфликти и начинот на кој би можеле да се решаваат. Опфатен беше и делот на работа пред подигнување на обвинението, начин на обезбедување докази и односи меѓу јавниот обвинител и истражителите.

Г – дин Зврлевски говореше за новините во поглед на односите полиција – јавни обвинителства во предистражната и истражната постапка – истражни центри,

разграничување на овластувањата и соработка, како и Овластувањата на јавниот обвинител во постапката за спогодувањето според новиот Закон за кривична постапка. Од аспект на полициските видувања на законските решенија говореше **г – дин Митко Чавков** на тема *,,Новите односи полиција – јавно обвинителство од аспект на проактивната улога на полицијата и криминалистичкото истражување“*. Се фокусираше на криминалистичко разузнавачкиот процес и грѓанските права и слободи и правото на приватност во криминалистичко разузнавачкиот процес во областа на спроведување на законот. Ги елаборираше сите фази во криминалистичкото истражување поединечно: планирање и насочување на криминалистичко разузнавачкиот процес, собирање на информации, проценка и обработка на информации и анализа на информации. Ефикасноста особено ја гледа поради цврстата соработка со Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Истражувачки дејствија кои би требало да бидат во надлежност на полицијата се увид, претрес на лица и објекти, одземање предмети итн., Истражните дејствија кои налагаат стручност би им се доделувале на истражителите – обвинители (Пр. Испитување на осомничен или сведок).

**Препораки :**

- Секогаш да се снима исказот на осомничениот и како доказ да се применува снимката, а не исказ даден на записник, иако за тоа се потребни посебни посебни простории и технички услови,
- Со подзаконски акти да се утврди односот меѓу полицијата и обвинителството, начинот на работа на истражните центри, надлежноста на полицијата и правосудната полиција,
- Да се предвиди можност обвинителот да сугерира до полицијата за избор на компетентен и квалификуван службеник кој треба да изврши конкретно истражно дејствие,
- Да се пронајде механизам со кој би се заштитиле истражителите од непослушност на полициски службеник кој би добил поинакви наредби од надредениот,
- Кога полицијата ќе започне постапка задолжително да го известува обвинителството .